Д-р. Димитар МИРЧЕВ

# ВЕБЕРИЈАНСКАТА ТРАДИЦИЈА И СОВРЕМЕНАТА ПОЛИТИЧКА СОЦИОЛОГИЈА

1. Вебер, заедно со Кант, Маркс, Спенсер и современикот Диркем и заедно со помладите Зимел, Тенис, Парсонс, Мед, Мертон, Дејвис и др., традиционално и вообичаено се разгледува како еден од *системските мислители и истражувачи на современата социологија.* Но, во рамките на матичната наука, тој покрај Парето, Моска и Микелс и покрај Зигфрид, Грамши, Милс, Лазарсфелд, Блау, Дал, Липсет, но и Голдторп, Локвуд па и Гиденс и др., секако спаѓа и во редот на основоположниците на *политичката социологија.* За него, освен тоа, неспорно е дека токму во времето на раната градба на современата социологија, во една драматична за науката и цивилизацијата епоха, како што е крајот на 19-от век и почетокот на 20-от век, бил човек што исклучително придонел на професионалната, методолошката и едукациската еманципација на таа наука и на стекнувањето на нејзините највисоки академски и етички стандарди. Но, сето тоа, повторно во една корелација со политиката и со политичкото.

Најпосле, но не и на крајот, вредно е да се истакне дека Вебер, колку заради своето протестантско и граѓанско потекло, толку и заради срединитe во кои се образувал, (Хајделберг, Берлин, Тибинген и Фрајбург), бил извонредно и активно политички и интелектуално ангажиран и тоа како либерал. Неговата позната "Фрајбуршка адреса", 1895 г., против пруското јункерство и конзервативна аристократија, наречена дури и "идеологија на модерниот либерален империјализам", имала несомнени и долгорочни одгласи и влијание врз цело поколение мислители на новиот европски либерализам како што се Фридрих Нојман, Ханс Делбрук, Фридрих Хајек па дури и Ралф Дарендорф.

Оттука, пресилни се критичките забелешки на марксистите дека Веберовата мисла за политиката, државата и суверенитетот била насочена на создавање послушност кај граѓанството и дека "за модерното индустриско општество во кое се јавуваат социјалистички концепции, тој бара решение во наметнување на една авторитативна демократија од плебисцитарен тип и на демократија со"природен" авторитет на харизматичниот водач."(Kolaković, 1972, str. 331)

Но, во истата смисла е дискутабилна и оцената на Том Ботомор дека Вебер бил загрижен националист чија" политичка социологија е водена од принципот на првенството и интересите на националната држава" (Bottomore, 1987, стр.139). Ботомор во таа оцена се потпира во голема мерка на тврдењетс на историчарот Момсен дека Вебер никојпат не согледал ниту еден свет освен својот сопствен кој пак во многу бил обележен со судирот на националните држави. Дури подоцна, ќе рече Ботомор, Вебер ќе прифати теориски да го анализира модерниот империјализам, но сепак не успевајќи да создаде кохерентна алтернатива на Марксовата теорија. Впрочем, Ботомор, исто како и Стивен Лакс, на сличен начин го оценувал и Диркем, кој наводно без екстремен националистички жар, сепак се залагал за" регенерацијата на Франција" и нејзината внатре-национална солидарност. Всушност, Вебер не се занимавал со историскиот контекст и значење на национализмот и националните држави, бил индолентен кон нивната социјална сушност и нивните меѓусебни судири а алтернативата секако не ја гледал во пролетерскиот интернационализам или во австро -марксистичката концепција на повеќе - националната држава како "социјалистичка федерација на нации".

Тој едноставно се залагал за цврста, демократска, либерална но и ефикасна граѓанска држава. Конечно, тој уште во 1892 г. бил еден од основачите на левата и либерална-Протестантско-социјална унија. Во најтешкото време за германскиот народ и интелегенција, во апокалипсата на Првата светска војна, 1916-1918 г. Вебер храбро ги објавувал во "Франкфуртер Цајтунг" своите апели против германскиот експанзионизам и империјализам и против царистичкото игнорирање на парламентаризмот и демократијата. Пред самата смрт, 1920 г., тој учествува во пишувањето на новиот, повоен германски устав, т.н. Вајмарски устав. (Enc.Brit., 1994, 7/546).

2. Денес, речиси нема покрупна студија, едукациски материјал или истражувачки проект во подрачјето на политичката социологија, а да не е во некој соодност со Веберовото дело. Нека е тоа и критички соодност и споредбена анализа, нека е тоа само засновување на некоја микро-методолошка концепција или пак теориско докажување на актуелноста или надминатоста или еднострановта на неговиот пристап и разбирање на политичкото општество и појави, Вебер едноставно неможе да се заобиколи или игнорира.

За политичката социологија, се разбира, значајно е што Вебер ги покренува и проблематизира речиси сите релевантни теми, тематски склопови и агрегати со кои се занимава оваа социолошка дисцип-

лина, а се во врска со разбирањето на политичките појави. Тука, бездруго се големите и никогаш ненадминати теми на моќта, власта, авторитетот и државата. Ништо помалку не се актуелни и присутни структурите на организацијата и бирократијата, на редот и поредокот, на елитите, демократијата и политиката воопшто, исто како и на политиката како наука и професија. За политиколошките синтези битно е што Вебер ги определува принципите и изворите на власта и што нив идеално ги типизира, овозможувајќи на тој начин натамошно теориско и хипотетско маневрирање; за методолозите, освен идеалните типови суштински се и Веберовите историско-емпириски конструкти и познатиот верстехен метод.

Но, она што мнозина го превидуваат и денес е фактот што Макс Вебер е *систематичар и концептуалист*. За да се разбере неговото третирање на политичките појави мора да се разбере неговиот базичен пристап и систематика, неговата концепција на односот *заедница-поредок-развој*, а ова пак не може да се разбере ако не се навлезе во односот *поединец-поединци-заедништво*. За да се покрене проблематиката на државата која не е механичка целина на поединците, на поданиците, мора да се навлезе претходно во начинот на посредувањето на нивните односи, во механизмот што го сочинува тоа посредување. Исто како и кај квантната физика во која целината е нешто друго од соодносот на деловите-за разлика од појмувањето на класичната физика, во социологијата државата е механичка емпирија под која се крие нешто друго, а не збир на поданици. За Вебер, добар познавач на Хегел, државата и суверенот е прашање на филозофијата а прашање на социологијата е емпиријата на *volonté générale, na ragioni di statò.*

Реалната основа на врските меѓу поединците, местото на рефлексијата на живите индивидуи, тоа е политиката, ќе рече Адолф Бибич. Низ политиката тие го живеат и мислат животот...во неа се родени, дури и пред физички да се тука, од неа никојпат не истапуваат, па и долго откако ја губат својата егзистенција. (Bibič, 1997, str.27)

Вебер заокружувајќи го својот систем, пред сѐ, ќе се запраша - што си претставуваме под поимот политика? "Поимот е исклучително широк и го опфаќа секој вид на самостојно водена дејност...сепак, со тој поим ќе го означиме само водењето или влијанието на водењето на некое *политичко здружување,* односно на некоја *држава.*

Што значи тогаш политичкото здружување од аспект на социолошкото разгледување? Што е државата?...Најпосле модерната

држава социолошки можеме да ја дефинираме само со специфичното *средство* што и е својствено на државата, но и воопшто на секое политичко здружување-со физичката присила... Во денешно време, односот на државата кон присилата е уште и посебно интимен. Во минатото, најразлични здруженија, започнувајќи со сродството, ја познаваа физичката присила како сосем вообичаено средство.

Денес пак мораме, да го кажеме обратното, дека државата е онаа човечка заедница, која внатре во определена територија, а и таа територија е карактеристика на државата, (успешно) го присвојува монополот над *легитимната физичка присила*...државата важи за единствен извор на "правото" на присила."(Weber, 1992,str.21-22)

Оваа Веберова, веќе класична дефиниција на државата, дадена во предавањето "Политиката како занимање", 1918 г. во Минхен, е следена и со дефиниција на политиката:

"Политиката за нас е, значи, настојување за учество во моќта или за влијание во нејзината дистрибуција, или меѓу државите или внатре во некоја држава меѓу групите луѓе...Кој се занимава со политика, прижелкува моќ, моќ како средство во служба на други цели (идејни или егоистични) или пак моќ "заради неа самата", за да ужива чувство на престиж, што таа го дава. " (ibid. str.22).

Државата не е ништо друго освен политичко здружување во кое моќта е легитимна и организирана како власт. Тоа значи властодршците имаат моќ, која е институционално заснована а луѓето со кои владеат и се покоруваат на авторитетот на таа моќ. Но кои се внатрешните причини и определувања за статусот на власта, на кои надворешни средства се потпира таа?

На оваа точка од предавањето, Вебер ја конструира познатата тријадна шема на темелите на легитимноста на власта. Имено *традиционалната власт* се темели на, од дамнина посветени обичаи; потоа *харизматичната власт,* затемелена на авторитетот на личната, по милоста божја дадена способност, вклучувајќи преданост, јунаштво, моќ на убедување и др. водителски црти на поединецот; *рационалната власт,* која се заснова на легалност, на рационално создадени правила и послушност на луѓето со кои севладеат во вршењето на своите должности според тие правила. Вебер ќе ја обработи подробно тријадата во подолгата расправа "Трите чисти типа на легитимна власт", издадена постхумно, 1922 г. во "Прусише Јарбухе".

Фон Бејме ја смета оваа тријада за една од највлијателните типологии во општествените науки, макар што типовите власт кај Вебер

се само идеални и аисториски и наводно немаат непосредна хеуристичка вредност. Типологијата одговара донекаде на онаа на Кант-на теолошкиот, метафизичкиот и позитивниот стадиум во развојот на општеството, на тријадата на Тенис и Шмаленбах-на сојуз, заедница и општество и на типовите на политичка култура кај Олмонд и Верба: парохијална, субјективна и партиципативна (Von Beyme, 1977, str. 149-150) и многу др.

Самиот Макс Вебер подоцна ги барал типовите на институционална организација што одговараат на типовите на легалната власт, а веќе навлегол во проблематиката на власта и моќта во индустриската организација и во типологијата на политичките системи. Обете насоки имале извонредно влијание во развојот на модерната политичка социологија.

Имено, доколку се претпостави дека концепцијата на Вебер за политиката и власта на почетокот била спекулативна и метатеориска, тој сепак низ своите истражувања ја снабдил со доволно материјал за од неа да создаде еден модел на поредок и интеграција, толку потребен за систематиката и на социологијата воопшто и на политичката социологија, посебно. Меѓутоа, бидејќи државата, власта и *поредокот* не се непосредно аналитички категории, во современата социологија тие биле транспонирани во *систем,* во *политички и општествен систем.*

Првиот голем чекор во тоа го направил Талкот Парсонс. И Фон Бејме и Валтер Бил, истакнуваат дека Парсонс ја развил и во повеќе свои дела ја варирал шемата *АГИЛ* за аналитичка систематика на општествениот систем. Имено, терминот АГИЛ ги содржи првите букви (англиски) од адаптација (економски потсистем), постигнување на целта (политички потсистем), интеграција (законски норми и општествена контрола) и зацврстување на латентната врска (културни и мотивациски врски).

Всушност, Парсонсовата АГИЛ-шема е директно извлечена од четирите глави на Веберовото дело "Wirtschaft und Gesellschaft" и ги опишува четирите традиционално поврзани социологии: стопанската социологија, социологијата на владејачката, социологијата на правото и социологијата на религијата со етно-социологијата (Bühl, 1970).

Политичкиот систем, пак како аналитичка категорија и како споредбена конструкција потоа, во голема мера, потпирајќи се на Вебер, го развиле Карл Дојч, Дејвид Истон, Габриел Олмонд, Верба, Колеман, Роберт Дал, Лухман и др. полит-социолози. Нивниот придонес во тоа, но и во заокружувањето на системската и политсистемската теорија, бил особено во тоа што ги проблематизирале компонентите на демо-

кратијата, вредностите, бихејвиоризмот и развојот, што објективно кај Вебер биле малку присутни или отсуствувале, бидејќи овој пишувал имајќи ја предвид класичната граѓанска држава, хиерархиски организирана и елитистички владеана.

Занимливо е на кој начин, а со споредбена анализа на концептите на политичкиот систем на Аристотел, Вебер и Харолд Ласвел, современиот социолог и политолог Роберт Дал го дефинира политичкиот систем а го дефинира вака: *тоа е секој траен образец на човечки односи кој во значителна мерка ги опфаќа моќта, власта или авторитетот.*

Имено, Ласвел, кој заедно со Ласки важи за основоположник на модерната политикологија, смета дека во кругот на политиката се сите меѓучовечки односи кои подразбираат моќ и власт односно авторитет. Тоа е практично и дефиниција на Аристотел но тој отвора и втор круг: тие односи се одвиваат во обликувана и самодоволна заедница, т.е. во општествена заедница по себе. Вебер го отвора третиот круг, велејќи дека на моќта и власта во самодоволната, општествена заедница и е потребна и компонента на *територијалност.* Значи, според Вебер, типично политичко е она што е во просторот каде што се сечат тие три круга.

Оттука, доста политички единици или појави кај Аристотел и Вебер можат да имаат политички аспекти но, не се дел на политичкиот систем, на пр. претпријатијата, синдикатите, локалните единици и сл. (Dahl, 1963, str. 4-7).

3. Зошто е интервенцијата на Дал значајна? Бидејќи, често во социологијата Вебер се третира како еден од *класичните елитисти,* кој заедно со Парето, Моска, Микелс, па донекаде и со Тејлор го дели политичкото тело на извршители, послушни, пасивни и друг дел кои се елита кои владеат, управуваат, наредуваат итн. И таа поделба е речиси историска, природна, организациска; тука демократијата како принцип на организацијата и политиката е речиси излишна и исклучена. Но, кај Вебер не е токму така. Имено тој од трите типа на власт, како релевантен за современиот поредок на организација, хиерархија, ефикасност и уреденост на меѓучовечките односи, во насока на групни и јавни цели го смета *рационалниот тип на власт* а овој се одликува со точно дефинирани норми и правила на функционирање, со функционална и административна хиерархија но, не со политички заснована хиерархија и конечно со таков избор на носители на врвните функции на хиерархијата кои им одговараат на природата на јавните или групни цели.

Ако изборот не е таков или пак ако во меѓувреме откако се избрани носителите станат нефункционални и непотребни, тогаш се менуваат, повторно според принципот на функционалноста и со уредно правно избирање. Ова е всушност принципот на современиот демократски елитизам а не принцип на класичниот природен и историски елитизам. Роберт Дал всушност е еден од родоначалниците на теоријата на демократскиот елитизам но, тој е и следбеник на Вебер. Подоцна, дури со своето дело-Полиархија, Дал ја развива теоријата во насока на партиципативната демократија.

Вториот голем современ полит-социолог кој директно произлегува или пак специфично и оригинално го развива Вебер е *Дејвид Истон.* Истон го проблематизира прашањето на природата на авторитетот, односно на послушноста и задолжителноста на покорувањето на моќта како прашање на политиката, како јавна власт, како правно уредена моќ.

Имено, Истоновата проблематизација е повторно од аспект на демократскиот политички систем и политика. Тој почетно поаѓа од расправата за тоа што е политиката и каква е нејзината темелна определба. Истон пишува: "Какви и да се целите на политиката, таа очебијно е задолжителна кога ќе превладее чувство дека треба или би требало да и се покори. Во тој контекст, изразот задолжителна значи само тоа дека задолжителната политика, нека е од формална или од ефективна природа, важи за таква и е потребно да се почитува" (Easton, 1997, str.93). Истон, на оваа точка, вели дека Макс Вебер во еден од своите проникливи коментари ја изразил оваа идеја вака:

"Кога се прашуваме, што и одговарало на идејата на "државата" во емпириската реалност, доаѓаме до бескрајно мноштво на расфрлени и неповрзани човечки дејства, како активни така и пасивни и до формално и законски уредени односи со делумно единствени и делумно повторливи карактеристики; сé заедно, пак, ги поврзува некоја идеја. Имено, увереноста во стварното или пропишано важење на правилата и задолжителните односи на некои човечки суштества со други." Овој цитат од познатата книга на Шилс и Финч, "Макс Вебер за методологијата на општествените науки" од 1949 г., го убедува Истон да констатира дека за опстој на општеството кое би било способно да преживее, е неопходно некои закони во општеството да се сметаат за задолжителни" (ibid str.94).

Всушност, ова е изводот на расправата за Веберовото поимување на политиката како моќ, како јавна власт и авторитет, тоа е Веберовото сфаќање на легитимитетот на власта како суштинска компо-

нента на политичкиот систем. Тоа сфаќање, според наше мислење е нешто потесно дефинирано од категоријата *легитимитет* како што денес го дефинираме. Имено, денес секој став или интерес на некоја социјална група или поединец, заедница итн. за кој мислиме дека припадниците на таа група, заедница или поединци ги чувствуваат како заеднички став, интерес, проблем и сл.,а под претпоставка да не отстапува од поредокот на државата и заедницата, го сметаме за *легитимен* дури нека биде насочен и против интересите на мнозинството, општиот интерес, или пак поретко, и кога отстапува од правната регулатива.

Правниот проблем е во поставувањето на границата меѓу позитивно и негативно определениот легитимитет, онаа граница преку која легитимноста на партикуларниот интерес, став, проблем, доаѓа во колизија со легитимноста на мнозинскиот интерес и став. Вебер инклинира кон правно решение на таа граница а тоа значи, сепак, кон демократско-парламентарно и изборно-демократски утврдена граница. Последиците на овој Веберов став се, се разбира, далекусежни а во насока на демократијата.

4. Следниот суштински агрегат на концепциското влијание на Вебер на современата социологија, посебно на политсоциологијата и социологијата на организацијата бездруго е неговиот мисловен, истражувачки и парадигматичен опфат на организацијата и бирократијата. Со овој опфат и тематизација Вебер, нема сомневање е заслужен или виновен што општеството започнува да се сфаќа, не само како societas, како polis и poliarchia, како comunita, туку и како организација. А општеството, нека е тоа и глобално и обична заедница, па и микро општествена група, кога се перцепира и сфаќа како *организација,* има некои и посебни белези на опстојување, развој, структурирање и алокација на моќта.

Познато е дека Вебер го типизира современото општество како високо организирано, хиерархизирано, нормирано и регулирано. Без разлика на неговите сомнежи во равенката "слобода = организација", Вебер навистина бил многу скептичен во реалноста на таа равенка. Треба да се каже дека тој не гледал алтернативни организациски модели за слободата на човекот во индустриското општество. Уште повеќе што во оваа смисла, Вебер важи за еден од родоначалниците на теоријата на конвергенција според која разликите во идеолошките и политички системи не ги оддeлуваат толку општествата колку што ги спојува организацијата и нејзините принципи насочени кон индустријализам, развој, ефикасност. Она што сепак е суштествено во Веберовото сфаќање на бирократската организација се социјалните темели на кои таа се засновува и кои се практично исти како и темелите на пирамидата на глобалната општествена моќ.

Хараламбос со право истакнува дека Веберовото поимање на бирократијата може да се определи само во контекст на неговата општа теорија на општественото дејствување со кое управуваат значењата и мотивите (афективното или емоционално, традиционално и рационално дејствување). Легитимноста на организациската моќ се базира на тие три типа дејствување и значење исто како и обликот на организациската структура. Хараламбос притоа го цитира Вебер ("Во склад со видот легитимитет на кој се повикуваат, типот на послушност, видот на административен персонал кој се формира за да го обезбеди и начинот на кој авторитетот во практика се искажува - типовите се разликуваат до темел.") и вели дека за да ја сфатиме бирократијата, нужно е точно да се оцени типот на легитимност на кој се засновува бирократската контрола (Haralambos, Heald, 1989, str. 272 - 273).

Точно е дека на Вебер му приговараат за речиси едностраното и судбинско определување за предностите на бирократската и рационална организација. Точно е, исто така, дека многу од современите полит-социолошки и организациски теоризми и парадигми се создадени во дебата и полемика со Вебер. Во критиката на Вебер, Денис Варвик вели дека во оваа смисла јазикот со кој се служи Вебер во своите расправи за бирократијата зрачи токму со верба во големата успешност и делотворност на таа форма на администрација. Мартин Елброу докажува дека Вебер неоправдано ја сфаќал бирократската рационална процедура како најуспешно средство со кое ќе се осигура делотворноста.

Попродлабочени се сепак критичко - експлоративните модели што ги нудат: *Роберт Мертон,* кој дава многу исправни аргумени за дисфункциите на бирократијата и за производство на неделотворност, а во неговата позната студија "Социолошката теорија и социјалната структура". (Merton, 1968).; потоа - *Питер Блау,* кој укажува на паралелизмот на постоење на формална и неформална бирократска структура, при што неформалната структура е интегрален дел на институциите и дека без неа не може да се обезбеди ефикасност (Blau, 1963); и *Алвин Гулднер* кој преку емпириски истражувања докажува дека постојат различни развојни степени на бирократизација при што само во поразвиените и партиципативни системи можат да се создадат организации во кои ќе владее поголема демократија и слобода (Gouldner, 1954, 1972). Гулднер е значаен аргумент на претпоставката дека Вебер сепак не бил заробеник или опсесионер на рационалната моќ на државата и организацијата создадени во почетокот на 20-от век.

5. Конечно, Макс Вебер оставил исклучителни теориски и истражувачко концептуални хипотеки во современата социологија и посебно полит-социологијата, со своите гледишта за социјалната и класно-политичката стратификација на современото западно општество. Во своите познати студии "Протестантската етика и духот на капитализмот", како и "Стопанство и општество", Вебер, исто како и Маркс, дава свој прилог кон одговорите на прашањето како најдобро да се определат општествените класи и слоеви.

Вебер во многу аспекти се согласува со Маркс, дека класите се примарна основа на општествената поделба и структура, и тие во прв ред се економска категорија, категорија што се развива во пазарната економија во која поединците меѓусебно соработуваат заради економска корист. Вебер се согласува со Маркс и за тоа дека постои основна поделба на луѓето, на оние што во сопственост ги имаат производните средства и на оние што ги немаат.

Тоа значи, двокласна социјална стратификација, се разбира, со колатералните преодни групи. За Вебер, поделикатно прашање е она за стратификацијата на оние што немаат капиталска сопственост а имаат други социјални и лични услови за слоевска припадност: знаење, вештина, управувачки и стручни или креативни способности. Оттука, за основни класи тој ги смета: а) повисоката класа со сопственост; б) белите јаки без сопственост; в) ситната буржоазија; г) класата на мануелните работници.

Мајкл Хараламбос и Мартин Холборн истакнуваат дека меѓу Маркс и Вебер сепак има значителни разлики. Додека Маркс на пр. сметал дека капиталистичкиот развој води кон поларизација на две класи и смалување на средната класа и "сателитските слоеви", Вебер, спротивно на тоа предвидува ширење на средната класа и нејзина натамошна статусна дисперзија. Тој еднакво предвидува дека развојот нема нужно да доведе до биполарни класни конфликти и револуции, и конечно, дека политичката моќ не произлегува и не е историски врзана со економската моќ. (Haralambos, Holborn, 1999, str. 44-45)

Тоа што е исклучително значајно за Вебер е што, тој како паралелен теориско-аналитички модел, не нужно конкурентен на моделот на класно-социјална и класно-политичка структура на општеството, притоа го нуди и развива моделот на *статусна стратификација*.

Овој модел изгледа пореалистично, одговара на стварните поделби на групите во развојот на индустриското и бирократски-рационалното општество, во кое статусните групи имаат позначајна вна-

трешна кохезија и идентитет (на пр. професионален, доходовен, стручен, итн.), одколку - класите.

На оваа основа, Џон Голдторп, водечкиот неовеберијански полит-социолог, со практична примена на веберијанските идеи за општествена стратификација ја истражува општествената мобилност во веќе антологиската - Оксфордска студија на мобилноста. Голдторп и соработниците, имено, доаѓаат до емпириска шема на постоење на седум класи, од кои првите две - им припаѓаат на услужната класа (виши и нижи професионалци, менаџери, инженери, организатори), три класи на сродни статусни групи (административен и трговски персонал, мали претприемачи и самовработени и сл.) и две класи на работништво (квалификувано и неквалификувано); во оваа шема - земјоделците и интелигенцијата се стратификуваат во сите седум класи. (Goldthorpe, 1980, str. 44 - 48)

Во иста насока, Рансимен развива подруга шема на класно-статусна структура, улоги и моќ, со исто така 7 класи: горна, горно-средна, средно-средна, долно-средна, квалификувана работничка, неквалификувана работничка, класно дно; (Runciman, 1990).

Неовеберијанците во овој поглед, барем истражувачки, доминираат во современата социологија, макар што некои од нив значително се одделуваат од Вебер. Во полит-социолошка смисла, тие се мошне значајни заради фактот што во употребата на стратификациските шеми, даваат и нови основи на анализа на политичката свест, приврзаност, вредности, мотивации за политичко дејствување.

Нашиот заклучок е дека тие постапки водат кон повеќе реализам и сциентизам во современата социологија одколку кон теоризам или чист дескриптивизам и социолошка информатика.

**Референци:**

Bibič, A. (ur.) 1997. Kaj je politika, Ljubljana: Znanstveno in publicistično središče (Zbirka Alfa, 1997, 1)

Blau, P. M. 1963. The Dynamics of Bureaucracy. Chicago: University of Chicago Press.

Bottomore, T. 1987. Politička sociologija. Zagreb: Školska knjiga.

Bühl, W. 1970. Evolution und Revolution. Kritik der symetrischen Sociologie. München: N-verlag.

Dahl, R. A., 1963. Modern Political Analysis. Englewood Cliffs, New Jersey: Prentice Hall.

Easton, F., 1997. Kako ustrezno pristopiti k politični znanosti, Zbornik - Kaj je politika. Ured. Bibič, A. Ljubljana: Znanstveno in publicistično središče. (Zbirka Alfa, 1997, 1)

Encycl. Brit., 1994. Max Weber, vol.7. Chicago - London. XV edition.

Gouldner, A. W., 1954. Patterns of Industrial Bureaucracy. Glencoe: The Free Press.

Haralambos, M. i Heald, R. 1989. Uvod u sociologiju. Zagreb: Globus.

Haralambos, M., Holborn, M. 1999. Sociologija. Teme in pogledi. Ljubljana: Državna založba Slovenije.

Kolakovič, J. 1972. Historija modernih političkih teorija. Zagreb: Zrinski - Čakovec.

Merton, R. 1968. Sociological Theory and Social Structure. New York: The Free Press.

Weber, M. 1992. Politika kot poklic, во истоимениот зборник. Избор и уредништво - Adam, F., Ljubljana: Knjižna zbirka KRT; 80;

Von Beyme, K., 1977. Suvremene političke teorije. Zagreb: Stvarnost.